# Препораки за нацрт-Националната ИКТ стратегија 2021-2025 и придружниот Акциски план поврзани со пристапност од страна на лицата со попреченост

Во периодот од 01 Јули до 12 Јули 2021 година, спроведена е детална анализа за пристапноста на лицата со попреченост при имплементацијата на стратегиите опфатени во Нацрт Национална Стратегија за ИКТ 2021-2025 и Нацрт Акциски План на Национална Стратегија за ИКТ 2021-2025 од страна на лице со телесна попреченост. Анализата траеше 8 работни денови каде што беа опфатени сите елементи кои ги содржи Нацрт Национална Стратегија за ИКТ 2021-2025 и Нацрт Акциски План на Национална Стратегија за ИКТ 2021-2025.

Во анализата беа опфатени повеќе видови на попреченост присутни во населението на Република Северна Македонија, меѓу кои се лица со делумно или целосно оштетен слух, лица со делумно или целосно оштетен вид и лица со телесна или ментална попреченост.

При правењето на самата анализа, произлегоа неколку прашања и забелешки околу потребите и можностите на лицата со попреченост и адресирањето на нивните специфични потреби.

Во делот на "Зајакнување на наставните програми за ИКТ во образовниот систем" Владата на Република Северна Македонија (РСМ) тврди дека ќе ги насочи своите напори кон развивање на ИКТ-настани и саеми за кариерна ориентација со цел да привлече што поголем број студенти во ИКТ- секторот. Меѓутоа, тука произлегува **прашањето** дали Владата ги зема предвид лицата со попреченост во напорот за привлекувањето на студенти во ИКТ-секторот?

Доколку се земе предвид моменталниот образовен дигитален систем во ИКТ-секторот, може да се каже дека не е доволно пристапен за повеќето лица со попреченост и претставува еден вид дискриминација затоа што ја одзема можноста на овие лица за напредок и дигитализација, особено во овој сектор.

За да се постигне целта на Владата на РСМ и да се опфатат лицата со попреченост во стратегијата за привлекување на повеќе студенти во ИКТ-секторот, потребно е да се направат фундаментални промени во самата дигитализација на образовниот систем за лицата со различен тип на попреченост да бидат во можност самостојно да пристапат до сите дигитални алатки, без разлика на нивните специфични потреби.

Во таа насока, иницијативата за "обезбедување лесен пристап до услугите за сите категории корисници, вклучително и за постарата популација и лицата со посебни потреби, како и постојана проверка на усогласеноста на дизајнот на јавната веб-локација со упатствата и адаптивните технологии на Иницијативата за веб-пристапност" е во добар правец. Следствено на тоа се препорачува по истиот принцип да се направи ревидирање на постоечките веб-страници на државните институции и е-услуги / дигитални алатки кои ги нудат во сите области, како и нивно приспособување кон потребите на лица со посебни потреби да им се овозможи активно и информирано учество во општествените процеси.

Предходно споменатото прашање воопшто не беше образложено во ниеден аспект на образовната дигитализација за лицата со попреченост на Нацрт Националната Стратегија за ИКТ 2021-2025 и Нацрт Акциски План на Национална Стратегија за ИКТ 2021-2025.

ЕУ со ТЕБЕ
Проектот е ко-финансиран од Европската Унија
ICEDA Increasing Civic Engagement in the Digital Agenda

**Наредното прашање** кое се отвори при правењето на анализата беше насочено кон ДАСМ или "Дигитална агенција на Северна Македонија". Владата на РСМ најавува дека ќе основа, преку официјална законска процедура, централна Дигитална агенција, која ќе представува нова можност за отварање на нови работни места.

Доколку агенцијата формира висококвалификуван тим од приватниот и од јавниот сектор и понуди модерна, атрактивна работна околина и искуство, прашање е дали истата ќе биде приспособена и овозможена за лица со попреченост кои би биле квалификувани за одредена позиција во ДАСМ.

При правењето на самата анализа е воочено дека во Нацртот не е потенцирана можноста за спроведување инклузивност во работното место каде што луѓето со различни видови на попреченост би ги имале истите можности за напредување и самостојна работа како и нивните соработници.

По извршување на оваа анализа утврдено е дека потребите на лицата со попреченост не се доволно опфатени во Нацрт Национална Стратегија за ИКТ 2021-2025 и Нацрт Акциски План на Национална Стратегија за ИКТ 2021-2025 на Република Северна Македонија. Ова доведува до систематска дискриминација и поделба и се спротиставува на заемните принципи и цели на Владата на РСМ.

ЕУ со ТЕБЕ
Проектот е ко-финансиран од Европската Унија
ICEDA
Increasing Civic Engagement in the Digital Agenda